Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД 68 –ТАТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 11 МАРТ 2014 ГОДИНА

## ЗАПИСНИК
## од шеесет и осмата седница на Државната изборна комисија

Шеесет и осмата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 11 март 2014 година ( вторник ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 14:15 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **М – р. Субхи Јакупи -** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

На Седницата не присуствуваше Генерален секретар на Државната изборна комисија, Биљана Стојановска од оправдани причини. На Седницата не присуствуваше и Претседателот на Државната изборна комисија, Никола Рилкоски од оправдани причини.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Потпретседателот на Државната изборна комисија М-р Субхи Јакупи. Потпретседателот констатира дека е Комисијата во состав од 6 Членови и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

### ДНЕВЕН РЕД

**1.Разгледување и усвојување на Записникот од продолжението на 63 – тата Седница на ДИК одржана на 6.03.2014 година, Записникот од 65 – тата Седница на ДИК одржана на 6.03.2014 год., Записникот од 66 – тата Седница на ДИК одржана на 7.03.2014 год. и Записникот од 67 – та Седница на ДИК одржана на 7.03.2014 година;**

**2.Предлог Прирачник за едукација на членовите на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, односно конзуларните канцеларии;**

**3.Предлог Заклучок за усогласување на потребите од јавни набавки на стоки, работа и услуги за Претседателски избори 2014 год. и предвремени Парламентарни избори 2014 год. при нивното спроведување;**

**4.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год.;**

**5.Разгледување на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 год.;**

**6.Предлог Обрасци:**

**- Образец бр.2 гс – Образец бр.3 гс – Образец бр.4гс – Образец бр. 13 гс/1 и Образец бр. 22 гс/1;**

**7.Предлог Образец за обезбедување на ЕДБ;**

**8.Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и од Амбасадата на Кралството Шпанија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година;**
**9.Предлог Заклучок во врска со членот 165 став ( 3 ) од Изборниот законик и**
**10.Разно.**

Се отвори расправа по дневниот ред.
Никој не побара збор и дневниот ред е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Дневниот ред за 68 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и усвојување на Записникот од продолжението на 63 – тата Седница на ДИК одржана на 6.03.2014 година, Записникот од 65 – тата Седница на ДИК одржана на 6.03.2014 год., Записникот од 66 – тата Седница на ДИК одржана на 7.03.2014 год. и Записникот од 67 – та Седница на ДИК одржана на 7.03.2014 година;**

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, отвори претрес по предложените Записници. Никој не се јави за збор и Записниците се ставени на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Записникот од продолжението на 63 – тата Седница на ДИК одржана на 6.03.2014 година, Записникот од 65 – тата Седница на ДИК одржана на 6.03.2014 год., Записникот од 66 – тата Седница на ДИК одржана на 7.03.2014 год. и Записникот од 67 – та Седница на ДИК одржана на 7.03.2014 година;**

**Точка 2:**
**Предлог Прирачник за едукација на членовите на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, односно конзуларните канцеларии;**

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи му даде збор на Влатко Сајкоски, Член на ДИК по оваа точка.

Влатко Сајкоски, Член на ДИК даде образложение во врска со Прирачникот за едукација на членовите на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, односно конзуларните канцеларии. Ова е последниот од низата Прирачници кои ДИК ги направи за да им помогне на изборните органи да бидат подобро подготвени за изборен процес. Во изработка и на овој Прирачник целосни и конкретни активности имаше Одделението за едукација. Во Прирачникот се определени сите цели, активности и задачи на Избирачките одбори за спроведување на гласањето во дијаспората и овој Прирачник ќе им биде од голема корист. Потенцира дека овој Прирачник се однесува само за Претседателските избори 2014 година, а за претстојните предвремени Парламентарни избори ќе има дополнително Упатство со кое ќе се опише процедурата за двојните избори на 27.03.2014 година.

Никој друг не се јави за збор. Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, го затвори претресот и Предлог Прирачникот за едукација на членовите на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, односно конзуларните канцеларии, го стави на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Прирачникот за едукација на членовите на Избирачките одбори за гласање во Дипломатско - конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, односно конзуларните канцеларии.**

**Точка 3:**
**Предлог Заклучок за усогласување на потребите од јавни набавки на стоки, работа и услуги за Претседателски избори 2014 год. и предвремени Парламентарни избори 2014 год. при нивното спроведување;**

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи даде објаснување во веска со оваа точка. Меѓу другото кажа дека ние сега имаме организирање на паралелни избори, а во Буџетот имаме на располагање само финансиски средства за Претседателски избори 2014 година.Ни требаат средства за Парламентарните избори 2014 година. ДИК достави писмо до Министерството за финансии за дополнителни средства за да бидеме финансиски покриени со средства за спроведување на Парламентарните избори 2014 година но до сега немаме добиено одговор. ДИК треба да донесе ваков Заклучок а во меѓувреме сигурно ќе бидеме покриена и со финансиски средства.

За збор се јави Бедредин Ибраими,Член на ДИК, кој кажа дека треба да се прифати овој Заклучок. Стручната служба на ДИК има разговарано со Државниот завод за ревизија и од нив е кажано дека треба да се направи усогласување на потребите од јавни набавки на стоки, работа и услуги за Претседателски избори 2014 год. и предвремени Парламентарни избори 2014 год. при нивното спроведување.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека смета дека треба да се прифати овој Заклучок а потоа на наредната Седница да се стават и Предлог Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот план,бр.02-394/1 од 14.02.2014 година, за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на ДИК по програма 21 – Изборни активности и Предлог Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по Програма 21 – Изборни активности, за усвојување како акти кои произлегуваат од овој Заклучок. Но уште една консултација со Секторот за финансиски прашања ДИК треба да има.

Никој друг не се јави за збор. Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, го затвори претресот и Предлог Заклучокот за усогласување на потребите од јавни набавки на стоки, работа и услуги за Претседателски избори 2014 год. и предвремени Парламентарни избори 2014 год. при нивното спроведување, го стави на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Заклучок за усогласување на потребите од јавни набавки на стоки, работа и услуги за Претседателски избори 2014 год. и предвремени Парламентарни избори 2014 год. при нивното спроведување, со дополнување на наредната Седница да се стават и Предлог Одлуката за изменување и дополнување на Годишниот план,бр.02-394/1 од 14.02.2014 година, за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на ДИК по програма 21 – Изборни активности и Предлог Годишниот план за вкупните потреби за јавни набавки во 2014 година на Државната изборна комисија по Програма 21 – Изборни активности за усвојување, како акти кои проиузлегуваат од овој Заклучок. Заклучокот е составен дел од овој Записник.**

**Точка 4:**
**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9, за Претседателски избори 2014 год.;**

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека е поминат законскиот рок 7.03.2014 година за поднесување на барања и пријави од дијаспората но ДИК ги чекаше сите барања и пријави од ДКП доставени преку Министерството за надворешни работи. Сите пријави се обработени по Изборни единици и по Избирачки места. Според доставениот Преглед на одобрени Решенија на оваа Седница на ДИК во ИЕ 7, 8 и 9 бројот на позитивните решенија е 5.015, број на Решенијата за одбиени пријави е: 62 Решенија за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема со звездички и немаат приложено докази и 419 Решенија за обиени пријави поради тоа што лицата ги нема во Избирачки список. Вкупно се обработени 5.496 Решенија. До ДИК е доставен и преглед на одобрени пријави со име и презиме и ИМ и Преглед на одбиени пријави на увид. ДИК верува на работните групи кои работат по овие пријави и проверката која ја прават.Смета дека се во ред овие Предлог Решенија од стручната служба и дека треба да се прифатат.

За збор се јави Бедредин Ибраими,Член на ДИК кој побара увид во пријавите за Тирана кои се одбиени. Државниот советник за правни работи и изборен систем ги донесе бараните пријави. Бедредин Ибраими провери неколку пријави и кажа дека е се во ред. Само сакал да биде убеден дека се правилно одбиени лицата и дека тој правилно гласа.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека службите правилно ги обработиле пријавите што се гледа и од извршениот увид во неколку предмети.

Никој друг не побара збор и 5.015 позитивни Решенија се ставени на гласање.

**Комисијата едногласно ги усвои 5.015 позитивни Решенија.**

62 плус 419 Решенија за одбиени пријави согласно Изборниот законик се ставени на гласање.

**Комисијата едногласно ги усвои 62 плус 419 Решенија за одбиени пријави согласно Изборниот законик.**

**Констатирано е дека е завршено поднесувањето на пријави за гласање во странство. Донесени се вкупно 8.978 Решенија од кои Позитивни Решенија 8.311 а бројот на Решенијата за одбиени пријави е 667. Овој Преглед е конечен со сумирани резултати. Да се стави на ВЕБ страницата на ДИК.**

**Точка 5:**
**Разгледување на Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 год.;**

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи му даде збор на Државниот советник за правни работи и изборен систем.

Државниот советник за правни работи и изборен систем објасни дека се работи за Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и веќе се заминати во Државниот завод за статистика да се обработат за да не се касни. Службата има копии и може да се разгледаат. Ова е Преглед со дата 11.03.2014 година.

Влатко Сајкоски, Член на ДИК праша дали се бројките во Прегледот последни промени во Избирачкиот список за Претседателските избори 2014 година.

Државниот советник за правни работи и изборен систем кажа дека тој не очекува повеќе, денес се дојдени последните Обрасци ИС 1, ИС 2 и ИС 3.

За збор се јави Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кој кажа дека според Изборниот законик нема пречки да се вршат секој ден измени во Избирачкиот список, тоа е тековна работа. Сега ќе имаме нови Решенија, од 16 до 30.03.2014 година е јавниот увид во Избирачкиот список за Парламентарните избори 2014 год. Да се направи еден конечен Извештај за Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 од јавниот увид, колку е проверката на податоците во Избирачкиот список и колку е електронската проверка. Извештајот од јавниот увид во Избирачкиот список да се објави на ВЕБ страницата на ДИК. Исто така на претходната Седница барал пишат Заклучок, да биде како акт за овие податоци, односно за Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 кои се доставуваат до ДЗС.

Никој друг не се јави за збор и Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 год. се ставени на гласање.

**Комисијата едногласно ги усвои Обрасците ИС 1, ИС 2 и ИС 3 доставени до ДИК од подрачните одделенија и канцеларии, согласно Заклучокот бр.07-743/1 донесен на 64 – тата Седница на ДИК на 4.03.2014 год. Да се донесе Заклучок кој ќе биде составен дел на овој Записник.**

**Точка 6:**
**Предлог Обрасци:**

- **Образец бр.2 гс – Образец бр.3 гс – Образец бр.4гс – Образец бр. 13 гс/1 и Образец бр. 22 гс/1;**

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој даде објаснување во врска со оваа точка. Се работи за следните Обрасци: Образец бр.2 гс е за собирање потписи за предлагање на кандидат за избор на пратеник во Собранието на Република Македонија на листа на кандидат предложен од група избирачи во странство. Образец бр.3 гс е Листа на кандидат за избор на пратеник во Собранието на Република Македонија од група избирачи. Образец бр.4гс е Листа за предлагање на кандидат за избор на пратеник во Собранието на Република Македонија од политичка партија. Образец бр. 13 гс/1 е Записник за предавање на изборниот материјал од ДИК на Министерството за надворешни работи и Образец бр. 22 гс/1 е Записник за предавање на Записниците за гласање и другиот изборен материјал од ИО за спроведување на гласањето во ДКП односно конзуларните канцеларии, на ДИК од гласањето за избор на Претседател на Република Македонија. Во овој случај ДИК е како ОИК во однос на ИО во ДКП.

Никој друг не се јави за збор и Предлог Обрасците:Образец бр.2 гс – Образец бр.3 гс – Образец бр.4гс – Образец бр. 13 гс/1 и Образец бр. 22 гс/1 се ставени на гласање.

**Комисијата едногласно ги усвои: Образецот бр.2 гс – Образецот бр.3 гс – Образецот бр.4гс – Образецот бр. 13 гс/1 и Образецот бр. 22 гс/1;**

**Точка 7:**
**Предлог Образец за обезбедување на ЕДБ;**

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека ДИК се договори на работен состанок да се направи Изјава за да им се олесни на политичките партии да обезбедат ЕДБ. Оваа Изјава да се стави на ВЕБ страницата на ДИК:

За збор се јави Бедредин Ибраими, Член на ДИК кој кажа дека оваа Изјава веке функционира.

Никој друг не се јави за збор и Предлог Образец за обезбедување на ЕДБ е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Образец за обезбедување на ЕДБ.**

**Точка 8:**

**Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и од Амбасадата на Кралството Шпанија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година;**

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи отвори претрес по оваа точка .Никој не се јави за збор и Барањата за акредитација на набљудувачи од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и од Амбасадата на Кралството Шпанија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година се ставени на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Барањата за акредитација на набљудувачи од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и од Амбасадата на Кралството Шпанија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година.**

**Точка 9:**

**Предлог Заклучок во врска со членот 165 став ( 3 ) од Изборниот законик;**

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека ДИК согласно членот 165 став ( 3 ) од Изборниот законик, за Претседателските избори заклучи дека во ДКП односно конзуларните канцеларии каде има пријавено помалку од десет избирачи за гласање нема да се отвори избирачко место за гласање. Такви избирачки места кои нема да се отворат има во ИЕ 7 и ИЕ 9 кои не ги исполнуваат условите.

Никој друг не се јави за збор и Предлог Заклучокот во врска со членот 165 став ( 3 ) од Изборниот законик е ставен на гласање.

**Комисијата едногласно го усвои Заклучокот во врска со членот 165 став ( 3 ) од Изборниот законик. Овој Заклучок е составен дел на Записникот.**

**Точка 10:**

**Разно**

За дискусија по точката "Разно" не се јави никој за збор.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, поради тоа што немаше пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори шеесет и осмата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**68-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 14:55 часот.**

**Број** 07-865/2
12.03.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**